Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 54-тата седница одржана на 01.11.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-821/1 од 22.02.2021 година, со наводи за неосновано ангажирање на лица преку договор на дело во Агенцијата за поттикнување и развој на земјоделието (АПРЗ) - ///, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмет со исти наводи и има донесено одлука од своја надлежност.

Предметот со број 12-821/1 од 22.02.2021 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител, на ден 22.02.2021 година, поднесена е пријава со наводи за неосновано ангажирање на лица со договор на дело во Агенцијата за поттикнување и развој на земјоделието (АПРЗ) - /// и оформен е предмет со број 12-821/1 од 22.02.2021 година.

Во пријавата подносителот наведува дека со договор на дело се ангажирани поголем број на лица со економска, правна, педагошка и друга струка наместо лица со завршен Земјоделски факултет, и дека работните позиции на овие лица не соодветствуваат на Актот за систематизација на работните места во Агенцијата. Подносителот на пријавата бара Државната комисија за спречување на корупцијата да преземе чекори во насока на отстранување на ваквите појави.

Поради тоа што во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмет со исти наводи за што има донесено одлука број 12-5535/2 од 08.01.2021

година, која е објавена на веб страната на Комисијата, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: А.Р.М.
Одобрил: К.Н., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**